**20120240785**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 февруари 2012 година.

Бр. 07-763/1
14 февруари 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

Член 1

Во Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008, 06/2009, 114/2009, 35/10, 167/10 и 36/11), во членот 9 став (1) по алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- преземање на вработен од органите на државната и локалната власт, други државни органи или институции.“

Во ставот (2) по зборот „алинеи“ броевите “1, 2 и 3“ се заменуваат со броевите “1, 2, 3 и 5“.

Член 2

Членот 17-и се менува и гласи:

„(1) Вработен во органите на државната и локалната власт, други државни органи или институции, кој нема статус на државен службеник, а кој ги исполнува посебните услови од членот 13 став (3) од овој закон, по потреба или по негово барање, може да биде преземен и распореден на работно место соодветно на претходното работно место, во друг орган на државната и локалната власт, или друг државен орган, ако со тоа се согласат раководното лице на институцијата од која се презема вработениот и секретарот, односно функционерот кој раководи со органот во кој се презема вработениот, доколку во органот не се именува секретар.

(2) Вработен во органите на државната и локалната власт, други државни органи или институции, кој нема статус на државен службеник и кој ги исполнува посебните услови од членот 13 став (3) од овој закон, по потреба или по негово барање, може да биде распореден во истиот орган.

(3) Вработениот од ставовите (1) и (2) на овој член е должен, во рок од шест месеци од денот на неговото преземање или распоредување, да положи испит за државен службеник.

(4) Доколку вработениот не го положи испитот од ставот (3) на овој член работниот однос му престанува.“

Член 3

Во членот 82-г ставови (1) и (2) зборовите: „надлежната второстепена Комисија на Владата на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.